# 14

# Комитет за односи меѓу заедниците

## 1. Совет за меѓунационални односи

Уставот на Република Македонија од 1991 година воспостави еден специфичен орган – Совет за меѓунационални односи, со главна задача да ги разгледува прашањата во врска со меѓунационалните односи во РМ и да дава мислења и предлози за нивно решавање. Собранието беше должно да ги разгледа мислењата и предлозите на Советот и да донесе одлука во врска со нив.

Советот за меѓунационални односи го основаше Собранието на РМ. Членовите на Советот ги предлагаше претседателот на РМ, а ги избираше Собранието на РМ. Советот за меѓунационални односи го сочинуваа:

- претседателот на Собранието на РМ;
- двајца Македонци;
- двајца Албанци;
- двајца Турци;
- двајца Власи;
- двајца Роми;
- двајца членови на другите националности во РМ.

Претседател на Советот беше претседателот на Собранието на РМ.

Со уставните амандмани од 2001 година, овој орган се замени со Комитетот за односи меѓу заедниците.

## 2. Комитет за односи меѓу заедниците

Комитетот за односи меѓу заедниците е орган овластен да ги разгледува прашањата во врска со односите меѓу заедниците во РМ и да дава мислења и предлози за нивно решавање. Собранието е должно да ги разгледува мислањата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив. Комитетот одлучува и во случај на спор што ќе произлезе при гласањето за законите за кои е потребно и мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Во случај на ваков спор, Комитетот одлучува – со мнозинство гласови од членовите – за тоа дали ќе се спроведе постапката за вакво гласање.

Комитетот за односи меѓу заедниците не е составен на паритетна основа (по еднаков број претставници), како што беше случај со Советот за меѓунационални односи. Исто така, Комитетот за односи меѓу заедниците го сочинуваат 19 члена, кои се пратеници во Собранието на Република Македонија, за разлика од Советот за меѓунационални односи чиишто членови не беа пратеници во Собранието, туку лица однадвор. Доколку некои од заедниците немаат

пратеници, народниот правобранител – по консултации со релевантните претставници на тие заедници – ќе ги предложи членовите на Комитетот од редот на тие заедници.

Комитетот за односи меѓу заедниците го сочинуваат:

- седум Македонци;
- седум Албанци;
- еден Турчин;
- еден Влав;
- еден Ром;
- еден Србин, и
- еден Бошњак.

Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците се избира од редот на неговите членови.

## ПРАШАЊА:

Кој ги предлага членовите на Советот за меѓунационални односи?

2. Кој ги избира членовите на Советот за меѓунационални односи?
3. Кој го сочинува Советот за меѓунационални односи?
4. Во што се состои надлежноста на Советот за меѓунационални односи?
5. Кој раководи со Советот за меѓунационални односи?
6. Кој го сочинува Комитетот за односи меѓу заедниците?
7. Во што се состои надлежноста на Комитетот за односи меѓу заедниците?